# *Закон за медицинско лекување и за нега на смртно болни лица од 1995 г.*

**Што е тоа?**

Тоа е закон, усвоен во Јужна Австралија во 1995 г., кој ви дава право вашиот лекар јасно да ви ги објасни вашата медицинска состојба и можностите за лекување.

- Ако не сакате да се лекувате, можете да го одбиете медицинското лекување.
- Може да назначите друго лице да дејствува од ваше име кога не сте способни самите да донесувате одлуки.
- Исто така можете да напишете какво медицинско лекување сакате или не сакате во случај некогаш во иднината да се разболите од смртоносна болест и да не сте способни тогаш да донесувате такви одлуки.
- Мора да имате 18 или повеќе години за да го сторите тоа.

**Кој може да дејствува од ваше име?**

Лицето што ќе го одберете да дејствува од ваше име се нарекува „медицински застапник“, а документот со кој го овластувате тоа лице се нарекува „овластување за медицинско застапување“ (Medical Power of Attorney).

Обично се одбира некој што ви е близок - на пример, партнерот, дете или добар пријател - кој мора да има 18 или повеќе години. Одбраното лице не може да биде ниедно медициснко лице што е платено да се грижи за вас.

Може да назначите повеќе од еден медицински застапник, но само едно лице во едно време може да дејствува од ваше име.

Медицинските застапници може да прифатат или одбијат лекување, но не можат:

- да одбијат храна или вода од ваше име
- да одбијат лекови што ќе ги намалат болката или растревоженоста
- да одбијат лекување од кое ќе ви стане доволно добро за да можете сами да донесувате одлуки.

**Како се назначува „медицински застапник“?**

Треба да го пополните формуларот за **овластување за медицинско застапување (Medical Power of Attorney).** Можеби вашиот лекар може да ви даде примерок. Ако не може, можете да земете формулар од организациите наведени на задната страна на оваа книшка.

Запомнете да разговарате за ова со лицето или лицата што сакате да ги назначите како ваш ***медицински застапник.***

**Може ли да ги напишете вашите желби место да назначувате медицински застапник?**

Да. Во тој случај, ќе треба да пополните формулар за **упатство што се остава однапред (Anticipatory Direction).**

Може да напиште какви видови на лекување сакате или не сакате, во случај ако некогаш подоцна се најдете во последниот стадиум од некоја смртоносна болест, или во трајна вегетативна состојба (кога имате трајно тешко оштетување на мозокот, но се уште дишете и можете да ја варите храната).
Би било разумно да поразговарате за тоа со најтесното семејство и со вашиот лекар. Тие лица би требало да знаат дека сте направиле такво упатство за да може тоа да се почитува во време на некоја сериозна болест.

***Обата овие формулари мора да ги потпише овластен сведок.***

**Што ако се предомислите?**

Ако сте назначиле ***медицински застапник*** или сте составиле ***упатство што се остава однапред***, може да ги измените или поништите тие документи во секое време.

Вие и вашиот ***медицински застапник*** треба да ставите датум и да се потпишете на секој примерок од формуларот/формуларите ако измените било која од вашите желби, и да ги уништите сите примероци ако ги поништувате.

**Како ќе знае медицинскиот персонал дека имате медицински застапник, или дека сте составиле упатство што се остава однапред?**

Можете да им дадете примероци на вашиот лекар и на членовите на вашето семејство што ви се блиски, и да чувате еден примерок во вашиот паричник или чанта. Исто така треба оригиналните формулари да ги чувате на безбедно место.

Може да одберете да се пријавите во Службата за медицинско известување Medic Alert што ви овозможува да ги запишете имињата на вашиот ***медицински заатапник/застапници*** и сите ***упатства што се оставаат однапред.***

**Имате право да го кажете вашето мислење во врска со вашето медицинско лекување**

Колку и да го сакаме животот и колку и да сме здрави, сите ние еден ден ќе умреме.

Повеќето од нас би сакале да го кажат своето мислење во врска со тоа како сакаат да умрат, а сигурно сакаат да знаат каква ќе им биде положбата кога се работи за медицинско лекување.

Според законот, имаме одредени права и обврски.

Многу од тие права и обврски се опфатени со закон што се вика ***Закон за медицинско лекување и за нега на смртно болни лица од 1995 г. (Consent to Medical Treatment and Palliative Care Act 1995).***

**Натамошни информации и формулари**

Вие, вашиот лекар или други луѓе со кои разговарате за овие работи, може да ги добијат овие два формулари од:

**Совет на Јужна Австралија за нега на смртно болни луѓе**
**(The Palliative Care Council of South Australia)**
202 Greenhill Road  Eastwood
Телефон: (08) 8291 4137
www.pallcare.asn.au

**Оддел за здравје (Department of Health)**
CitiCentre Building, 11 Hindmarsh Square
Adelaide
www.health.sa.gov.au/consent

**Service SA**
Телефон:  13 23 24
www.service.sa.gov.au

**Канцеларија на јавниот застапник**
**(Office of the Public Advocate)**
ABC Building
85 North East Road  Collinswood
Телефон:  (08) 8269 7575
Бесплатен повик 1800 066 969
www.opa.sa.gov.au

**Регистрирање на медицински застапници и на упатства што се оставаат однапред: Австралиска фондација за медицинско известување**
**(Registration of Medical Agents and Anticipatory Directions: Australian Medic Alert Foundation)**
216 Greenhill Road   Eastwood
Телефон: (08) 8274 0361
Бесплатен повик 1800 882 222

Ова објаснение не го опфаќа целосно Законот за медицинско лекување и за нега на смртно болни лица од 1995 г. Тоа треба да се користи само како информативен водач.

Прегледано во јануари 2006 г.

Macedonian

Објаснение на

# *Законот за медицинско лекување и за нега на смртно болни лица од 1995 г.*

(An explanation of the

## *Consent to Medical Treatment and Palliative Care Act 1995)*